24.03.2025
10-

Република Македонија
Јавна установа за деца-Детска градинка
"25 МАЈ" Општина Гази Баба
Бр. 04-41/7
12.02 2025 год.
СКОПЈЕ

**ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА „25 МАЈ„-**
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

ул. Срећко Пужалка 112, тел.факс.02 2522-473, judg_25_maj@yahoo.com

---

Врз основа на член 45 од Закон за административни службеници (Сл.весник на РМ број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и Сл.Весник на РСМ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022) в.д.директорот на Јавна установа за деца - детска градинка “25 Мај” о.Гази Баба, Скопје ја донесе следната

## О Д Л У К А

**За избор на кандидат за вработување по јавен оглас**

1. По јавниот оглас 444/2024 за вработување на административен службеник во Јавна установа за деца - детска градинка “25 Мај” о.Гази Баба, Скопје објавен во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха како и и на интернет страницата на Агенцијата за администрација од Предлогот за вработување на какнидати на работно место референт аналитичар евидентичар - 1(еден) извршител се избира

**- Билјана Љубенова**

2. Именуваниот-та ќе биде вработен/а на горенаведеното работно место по конечноста на оваа одлука .

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесување .

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 31.12.2024 во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен Јавен оглас за вработување на јавен службеник во Јавна установа за деца - детска градинка “25 Мај” о.Гази Баба, Скопје за работно место референт аналитичар евидентичар - 1(еден) извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас со Решение бр.10-1887/141/1 од 09.01.2025 година и Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас под бр. 10-141/2 од 20.01.2025 год., донесено од страна на Директорот на Агенцијата за администрација.

Комисијата спроведе административна селекција за административниот службеник и состави за Записник под број 10-141/3 од 20.01.2025 година, по што Комисијата спроведе испит за административен службеник и за истиот состави Записник заведен под број 10-141/4 од 07. 02.2025 година.

На ден 11.02.2025 година Комисијата спроведе проверка на веродостојноста на доказите и интервју за административен службеник и за истото состави Записник заведен под број 10-141/5 од 11.02.2025 година.

По спроведената постапка од страна на Комисијата до в.д.директорот на Јавна установа за деца - детска градинка “25 Мај” о.Гази Баба, Скопје доставена е Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати со број 10-141/6 од 11.02.2025 година.

Согласно со член 45 став 1 од Законот за административни службеници (Сл.весник на РМ број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и Сл.Весник на РСМ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022) в.д.директорот на Јавна установа за деца - детска градинка “25 Мај” О.Гази Баба, Скопје во рок од пет дена по добивање на Предлогот за избор на кандидати од членот 44 од овој закон е должен да донесе одлука за избор

Поради гореневеденото в.д.директорот на Јавна установа за деца - детска градинка “25 Мај” о.Гази Баба, Скопје одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување на жалби и приговори на административните службеници во втор степен .

Јавна установа за деца - Детска
градинка ”25 Мај” о.Гази Баба, Скопје
**в.д.Директор**

________________________

Доставено до :
- кандидатот
- Агенција за администарција
- персоналното досие
- архива